# Инструкции за учениците-натпреварувачи

1) Секој ученик треба да дојде на натпреварот 10 минути пред предвиденото време за натпреварот, ги остава своите работи и мобилен телефон на катедрата и се сместува на своето место. Пред себе треба да има компјутер и пенкало, а наставникот-домаќин му дава еден бел лист хартија за евентуални белешки и пресметки.

- Калкулатор е потребен за учениците од категориите:VII, I, II, IV;

- Периоден систем не е потребен и не е дозволен за сите категории од основно и средно.

2) Учениците кои ќе се натпреваруваат да се потпишат на списокот за присуство обезбеден од училиштето/наставникот домаќин

3) Секој ученик се натпреварува на свој компјутер (или компјутер од училиштето) и се најавува на ClassMarker со податоци добиени на својот e-mail.

4) Секој ученик се натпреварува за себе и не треба да комуницира со останатите, освен за евентуална техничка помош од наставникот.

5) Во предвиденото време од 15 минути ученикот добива пристап до тестот и **откако ќе провери дека е од соодветна категорија и јазик**, го решава во предвиденото време од 60 минути, кое почнува откако ќе се логира и ќе го отвори тестот. **На крајот треба да го поднесе тестот, но дури и да не го направи тоа, по 60 минути тестот автоматски ќе биде исклучен и ќе бидат сочувани сите внесени одговори.**

6) Тестирањето автоматски започнува и се одвива на цел екран (Full Screen), а користењето на други апликации е оневозможено без да се излезе од целиот екран. Секое излегување од целиот екран, системот го евидентира и го смета за препишување (има запис колку време и на кое прашање е излезен ученикот од платформата). За секое недозволено постапување на ученикот, ќе биде известен менторот и ученикот ќе биде санкциониран.

7) Тестовите ќе бидат прегледани автоматски и секој ученик ќе добие резултат за себе 2 часа по тестирањето. Прелиминарните резултати ќе бидат објавени на веб страницата на СХТМ по нивното систематизирање по општина и категорија

8) **Приговор** може да поднесе само ментор на e-mail: natprevar.hemija@gmail.com (за средно) и natprevar.hemija.osnovno@gmail.com (за основно) најдоцна до **петок, 17.04.2026 во 18 часот**.